***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 15.02.2023 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Градоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 7 (седум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Марина Димитријовска, Јордан Кромидаровски, Даниела Давидевска, Валентин Несторoски, а отсутни беа советниците Сандра Пејковска, Филип Ангелевски и Јасмина Јовановска. Советничката Александра Трајковска имаше поднесено оставка. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Мише Милошевски, Благојче Брсаковски и Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на барање за престанок на функција од член на Совет Александра Трајковска,и донесување на решение за престанок на мандатот од член на совет на Општина Демир Хисар
2. Донесување на Одлука за финансиска помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија
3. Донесување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче
4. Донесување на Одлука за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година
5. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство од седум советници, при тоа ги запозна советниците дека содржината сите точки од дневниот ред се од итен карактер затоа и се одлучи на свикување на вонредна седница, додека до крајот на месецот се планира и редовна седница. Забелешки немаше. Едногласно со 7 „за" беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Разгледување на барање за престанок на функција од член на Совет Александра Трајковска,и донесување на решение за престанок на мандатот од член на совет на Општина Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците на 02.02.2023 година советничката Александра Трајковска поднесе оставка, бидејќи се исполнети условите од член 65 став 3 и 4 од Статутот на општината односно се вработи во општина Демир Хисар. Потоа му даде збор на Претседателот на ОИК Благојче Брсаковски. Претседателот Брсаковски објасни откако ќе биде констатирана оставката се донесува решение за престанок на мандатот на советничката Александра Трајковска, претседателот на Советот ја известува ОИК , а потоа општинасакта изборна комисија го известува наредниот кандидат од листата. Во конкретниот случај нареден кандидат треба да биде жена, бидејќи жена излегува од советник. Наредниот кандидат е исто вработен во општината иако е со договор се смета вработен, што значи се оди на наредниот кандидат тоа е Магдалена Велјановска. Во меѓувреме е контактирана, за наредната седница ќе се дефинираат работите ќе имаме одговор. Дискусија повеќе немаше. За прифаќање на оставката гласаа 7 „за".

***ТОЧКА 2. Одлука за финансиска помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија***

Во врска со Одлуката за финансиска помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија, претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи по

50.000 и за Турција и за Сирија или вкупно 100.000 денари. Градоначалникот Никола Најдовски објасни 100.000 денари толку се можностите на општината. Следејќи ги околните општини процентуално даваме дуги и повеќе, средствата ќе бидат префрлени на Црвен крст. Има прашања од граѓаните зошто не се собира материјални средства, но од Црвен крст беше кажано дека проблем е тие средства да се транспортираат, затоа најдобро е помошта да е во пари. Во насока на одлуките кои ги носи Советот за доделување на средсва ги замоли советниците кога не е присутен на седниците да не се прави лицитација на средства по поднесените барања. До општината и до Советот постојано пристигнуваат барања од месни, од невладини, здруженија, некој имаат формирано по две невладини и сите бараат средства за реализација на активности некој за положување на цвеќе, а цвеќето и превозот го организира општината. Со години наназад се исти само земаат средства од буџетот. Знаете дека предходната година имавме потешкотии со виски сметки за струја, сега малку почнуваме да се опоравуваме и средствата сакаме да ги насочиме за инфраструктурни проекти. Неможеме да планираме некој големи проекти со средства од буџетот, но некој помали улици или некој друг зафат можи. Советничката Марина Димитријовска истакна за подршка на невладини и здруженија во буџетот имаме планирано средства, потоа предложи кога се планира најдобро е да се направи повик да аплицираат здруженија да се знае колку средства ќе се доделат, а другите да се планираат за наредна година. Градоначалникот Никола Најдовски додаде поентата е програмата на невладината е да му се доделат средства за полагање на цвеќе му давате 30.000, а потоа цвеќињата му ги купува општината превозот го организира општината, сега има ново барање пчеларите, потоа други, нека има невладини нека имаат активности, да се организира некој настан пешачење, се е убаво, но незначи само земај пари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи забелешката е домаќинска, но ако некаде треба да се направи скратување најпрво треба на еднократната парична помош. Општината е претворена во Центар за социјални грижи, истите луѓе земаат средства од општината, земаат од центарот, тука нешто мора да се направи. Се согласи дека не е во ред да се бараат средства за купување на цвеќиња и после да чекаат општината да му купи цвеќе, а програмата беше само тоа да се набават цвеќиња. Градоначалникот Никола Најдовски додаде зборувам за сите барања, последно беше тоа што се расправаше на последната седница, инаку се однесува на сите. Дискусијата беше исцрпена. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна дека предложи по 50.000 илјади денари да се доделат и за насраданите од земјотресот во Р Турција и Р Сирија, вкупно 100.000. Бидејќи никој не се јави за збор, предложената одлука ја стави на гласање. За одлуката гласаа 7 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче***

За Одлуката за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче Градоначалникот Никола Најдовски објасни на барање на жителите од тој дел на селото се планира да се направи најпрво санација на водоводната мрежа. Во таа улица има 41 куќа и навистина многу лоша инфраструктура. Жителите бараа санација на улицата, но и водоводната мрежа е во многу лоша состојба, па затоа одлучивме најпрво да се санира водоводната мрежа во должина од 450 метри. Се планира работата да ја земи ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар тие се најсоодветни за таа работа, бидејќи тие и ја одржуваат мрежата. Изготвена е предмер пресметка за целата работа потребни се 950.000 денари. Исто така во соработка со жителите е договорено сами да си ископаат во дворовите до приклучокот, со исклучик каде живеат стари лица кои нема да можат ќе излези во пресерет комуналното. Материјалите ќе ги обезбеди општината, откако ќе се санира водоводната мрежа ќе се пристапи кон асвалтирање на улицата. Советникот Сашо Михајловски праша дали се планира брзо да се почни со работа и дали целата работа ќе ја врши ЈКП „Комуналец“. Градоначалникот Никола Најдовски објасни работите се скоро дефинирани ќе се почни со работа. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија напомена дека мора да се преземи нешто во Белче, бидејќи таму улиците се во катастрофална состојба затоа има и доставено фотографии до координаторите на Советот, жителите постојано бараат помош, барем да му се овозможи да функционираат. Градоначалникот Никола Најдовски ги извести советниците за канализацијата во Белче конечно заврши експропријацијата известени се Министерството за транспорт и врски за да можат да ја дозавршат работата. Советникот Сашо Михајловски праша дали

сите се согласија со  експропријацијата. Градоначалникот Најдовски објасни канализацијата е  од јавен интерес, законот дозволува по судски пат да се направи , за тоа беа сите запознати. Советничката Марина Димитријовска додаде сите ја знаеме ситуацијата, да се излезе во пресрет на жителите во најбрзо што може. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката гласаа 7 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски, при тоа објасни Одлука за приоритена инвестиција се донесе предходната година, истата се достави до БРР Скопје, и беа одобрени средства за проект за мостот. За да може да се продолжи постапката потребно е да се изготви техничка документација треба да се планира во програмата за УП  вон опфат, бидејќи мостот е вон опфат, кога се носеше програмата требало да се внеси уште тогаш, но не се направвило. Затоа сега со оваа одлука се внесува во програмата, тоа се состои од два дела еден дел за локалниот пат од селото до реката и другиот дел изградба на мост. Должината на патот е 100 метри од едната страна 25 и 75 од другата сртана на мостот. Не е асфалтиран. Во одлуката се наведени парцелите кои се опфатени. Потоа ќе се пристапи кон изработка урбанистички план, ревизија,  проектна програма и изработка на проект цела постапка која законски следува до добивање на позитивно мислење и изработка на проект и издавање на одобрение за градба. Постапка е малку покомплицирана, но ќе се реализира. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни ветени се средства од Миниестрството за локалан самоуправа за изработка на проектна документација. Градоначалникот Никола Најдовски додаде потребни се 600.000 од кои 300.000 се од општината другата половина од Мминистерството за локалан самоуправа. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 7 „за“.

***ТОЧКА 5. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси одлука за изготвување на проект за улица во Обедник.

Раководителот Мише Милошевски објасни да се разгледа како стојат работите, дали е планирано во програма, треба да се носи одлука за намена на инвестиција колку ќе кошта сето тоа добро да се провери, да се аплицира со тој проект за добивање на средства. Доколку сте согласи ќе се изготви комплетната документација ќе се аплицира.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша до каде е постапката со изградбата на Храмот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни известен е отецот Тони, дека најпрво треба да се обезбеди соспственост на земјиштето, тоа е на РМ, треба МПЦ да поднеси барање.

Повеќе немаше предлози и прашања.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 224/3<br>
27.02.2023 година<br>
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>
Претседател,<br>
Љупчо Најдовски  с.р.